Информативно гласило на Град

# СКОПЈЕ

Бесплатен примерок

| Број 25 | Година V |10.05.2012г. |










## 3 години
## ЗА СКОПЈЕ












Коце Трајановски
Градоначалник на Град Скопје

## Почитувани сограѓани,

Изминуваат три години од моето доаѓање на функцијата Градоначалник на Градот Скопје. Во изминативе три години сме сведоци дека нашето Скопје секојдневно расте, се развива и преraснува во вистинска европска метропола со широки и проточни булевари, задоволително ниво на јавна хигиена, зелени паркови и места за одмор и рекреација, културно-историски обележја и манифестации што вреди да се посетат и доживеат, ефикасни институции во полза на граѓаните... Тоа е задачата што јас и мојот тим си ја поставивме пред три години, а пред граѓаните ја ветивме во нашата предизборна програма којашто успешно се реализира, чекор по чекор. Тоа е трендот што ќе го задржиме и во годинава што е пред нас и ќе продолжиме да се движиме по патот на позитивните промени.

Во изминативе три години нашите екипи пробија и изградија 9 000 метри нови улици и булевари. Особено сум горд на проектот за проширување и реконструкција на булеварот Илинден, во центарот на градот. Ова е прв булевар што е проширен во центарот на градот во последниве 12 години и уште во првите денови придонесе за намалување на метежот што се создаваше на ова тесно сообраќајно грло. Не помалку е важно проширувањето на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, со турбо кружна крстосница, прва од ваков вид во нашава земја. Овде ќе ги споменам и проширените булевари Србија и Видое Смилевски Бато, Свети Климент Охридски, Македонска војска и кружниот тек на улицата Ѓорче Петров коишто се трансформираа во брзи сообраќајни врски со четири до шест коловозни ленти, нова патна сигнализација, уредени тротоари, осветлување и средишно зеленило.

Во неколку акции Градот Скопје од 2009 година досега обнови околу 17 000 метри оштетен коловоз на градските сообраќајници. Нов лик добија шест клучни сообраќајници во центарот на градот: булеварите Партизански одреди, Крсте Мисирков и Кузман Јосифовски Питу, и улиците Даме Груев, Васил Аџиларски и Стив Наумов. Оштетениот асфалт беше обновен и на улиците Козле, Радишанска, Крушопек, Иван Козаров, Ферид Бајрам, Кемал Сејфула, на патот Копаница – Рашче, Волковска, на неколку улици во населбата Усје, на Благоја Стефковски, Белградска, Пере Тошев, Јужноморавски бригади, како и на патот за Хиподром, Визбегово и за Инџиково.

Покрај напорите да се намали сообраќајниот метеж во градов, што е еден од приоритетите во мојата работа, размислувавме и за безбедноста на пешаците. На регионалниот пат Скопје – Катланово за првпат беше изграден тротоар, а тротоар за првпат доби и улицата Скупи. Во голема акција беа обновени и тротоарите по должината на шест главни сообраќајници во центарот на градот.

Со изградбата на нови паркинзи Градот Скопје во изминативе три години директно влијаеше да се реши проблемот со недостигот на паркинг места во градот. Скопје доби 1 000 нови паркинг-места на паркиралиштата под Транспортниот центар, кај Зоолошката градина, кај зградата на МРТВ, кај ТЦ „Мавровка“ и во населбата Аеродром. Изградбата на двете катни гаражи, на улицата Мито Хаџивасилев Јасмин и на улицата Даме Груев е во тек, а со нивното отворање ќе се добијат дополнителни 1 000 паркинг-места.

Јавните претпријатија во коишто со години не било вложувано во последниве три години доживеаја преродба. ЈП „Комунална хигиена“ го затеков со само 6 стари возила. За да ја подобриме работата на ова јавно претпријатие набавивме 40 камиони за подигање на сметот, Јавното претпријатие „Паркови и зеленило“ го подновиме со 40-тина машини и возила, а нови машини и асфалтна база доби и ЈП „Улици и патишта“. Спроведуваме редовни акции за чистење на јавните површини во градот, а воведовме и ред во работата на јавните претпријатија. Јавната хигиена во градот ја подигнавме на повисоко ниво, а граѓаните ја гледаат промената.

Акцијата за разеленување на Скопје е една од најзначајните на Градот Скопје во последниве три години. На јавните површини засадивме 42 000 садници, а во четири акции доделивме 10 000 дрвца на јавните установи, куќните совети и образовните институции. Со зеленило уредивме 8 000 метри средишни жардиниери во булеварите, а се уредуваат и парковските површини. Редовно се пошумуваат заштитените подрачја Водно и Гази Баба, како и Градскиот парк.

За првпат го отворив прашањето за загадувањето на воздухот во Скопје и поставивме мерна станица со дисплеј што ги прикажува вредностите на загадувачките материи. Надлежните институции ги повикав на заедничка акција за да се посочат изворите на загадување на воздухот и да се преземат сите неопходни мерки за да им се овозможи на граѓаните здрав и квалитетен живот.

Во изминативе три години создадовме услови граѓаните да се рекреираат по кејот на реката Вардар, односно изградивме ролерско-велосипедски патеки, поставивме спортски реквизити и одбојкарски игралишта. Две години работиме на реновирање на зградите на средните училишта на Град Скопје со што ги подобруваме условите за одвивање на наставата.

Морам да нагласам дека за голем број проекти Градот Скопје имаше несебична поддршка од Владата на Република Македонија, а овде ќе ја издвојам набавката на нови автобуси за ЈСП „Скопје“, изградбата на жичницата на Водно, набавката на 60 000 индивидуални канти за отпад што се бесплатно поделени на граѓаните, помошта при изградбата на фекалниот колектор за Инџиково...

Во овие неколку реда не може да се набројат сите реализирани проекти на коишто напорно работевме во изминативе три години. Ние не застануваме тука, продолжуваме со исто темпо. За годинава имаме зацртано многу проекти што ќе придонесат Скопје да стане модерен и функционален град. Заедно со граѓаните коишто редовно ги коментираат нашите проекти наоѓаме нови решенија, си ги согледуваме грешките и ги подобруваме проектите. Тоа, мислам дека е клуч за успехот на секој градоначалник, на секој тим.

Јас и мојот тим и во наредниот период ќе работиме на реализацијата на мојата предизборна програма за којашто граѓаните на Скопје ми ја дадоа нивната доверба, а која гарантира подобри услови за живеење во градот што го нарекуваме свој дом.

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66
**Телефони**
02 3297 255
**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk
**Дизајн**
НАМПРЕС - Скопје
**Печати**
НАМПРЕС - Скопје



Капитални проекти на Градот Скопје

# СЕ ГРАДИ БУЛЕВАРОТ ПРВОМАЈСКА



Градежните работи за проширување и реконструкција на улицата Првомајска, во општината Кисела Вода, се во тек. Ова тесно сообраќајно грло до крајот на годинава ќе прерасне во булевар, со четири коловозни ленти, уредени тротоари, зеленило и ново осветлување.

- Улицата Првомајска, во општината Кисела Вода, е една од најголемите и најзначајни сообраќајни артерии во Скопје од којашто директно зависат повеќе од 150 000 жители на нашиот град. На обемниот проект за проширување и реконструкција на улицата Првомајска напорно работевме 2,5 години. По неговото завршување, во минатото ќе останат долгите редици возила што сега се секојдневна слика на оваа прометна улица, метежот и отежнатото движење. Улицата Првомајска во должина од 2,5 километри ќе прерасне во широк и проточен булевар, со уредени тротоари и со странично зеленило и ќе ги потврди заложбите на Градот Скопје за решавање на проблемот со сообраќајниот метеж и, што е најважно, за зголемување на безбедноста за сите учесници во сообраќајот - рече градоначалникот Коце Трајановски, на почетокот на градежните работи на улицата.

Со овој проект ќе се реконструираат две делници од улицата Првомајска и тоа:

- Делница 1: Потег од „Рампа" до крстосницата со улицата Народни херои во должина од 1.380 метри и
- Делница 2: Потег од крстосницата со булеварот Србија до влезот во поранешната фабрика „Стакларница" во должина од 1 126 метри.

Во текот на градежните работи на двете делници од улицата Првомајска ќе се постави атмосферска канализација со променлив профил. Постојниот армиранобетонски мост над Усјанскиот канал ќе се реконструира, ќе се прошири и ќе добие 4 коловозни ленти со пешачка и со велосипедска патека.

На проширување и реконструкција на улицата Првомајска ќе работат екипите на конзорциумот „Алпине Бау" и Жикол од Скопје. Градежните работи треба да завршат за девет месеци. Во проектот за проширување и реконструкција на улицата Првомајска, Градот Скопје ќе вложи околу 4 милиони евра, пари обезбедени од Европската банка за обнова и развој, како кредит, и од Буџетот на Град Скопје.



# БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН ДОБИ НОВ ЛИК

Проширувањето и реконструкцијата на улицата Илинденска е еден од најголемите реализирани проекти во централното градско подрачје во последните 12 години. Улицата Илинденска стана булевар Илинден на потегот од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до бензинската пумпа на „Макпетрол", во должина од 2 420 метри. Булеварот доби по две коловозни ленти во секоја насока, уредени тротоари и велосипедски патеки, нови крстосници, средишно зеленило и ново штедливо осветлување.

Во 2010 година беше проширена првата делницата од булеварот Илинден, од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до крстосницата со булеварот 8.Септември, во должина од 2 140 метри. За реализација на овој сложен проект Градот Скопје потроши околу 3,3 милиони евра.



Во 2011 година беше пробиена втората делница од булеварот Илинден, од крстосницата со булеварот 8.Септември до бензинската пумпа на „Макпетрол", во должина од 280 метри.

Во реализацијата на овој дел од проектот Градот Скопје вложи околу 20 милиони денари.



# ТУРБО КРУЖНА КРСТОСНИЦА НА БУЛЕВАРОТ МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ

Со успешното завршување на капиталниот проект за проширување и реконструкција во октомври 2011 година, на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов беше формирана турбо кружна крстосница, прва од ваков вид во Скопје. На крстосницата беа изградени 4 сообраќајни ленти, нови тротоари и велосипедски патеки, а беше поставено и ново осветлување и зеленило.

Проширувањето на постојниот коловоз се одвиваше на потегот од улицата Франклин Рузвелт до улицата Костурски херои (еден крак) и кон улицата Мито Хаџивасилев Јасмин до свртувањето надесно кон улицата Народен фронт (втор крак), во вкупна должина од 1 600 метри. Новоформираниот коловоз на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов е асфалтиран на површина од околу 20 000 квадратни метри, при што завршниот слој асфалт е изработен со полимер којшто го забавува стареењето на асфалтот и формирањето траги од движењето на возилата.

Реализацијата на овој капитален проект во голема мера ги реши сообраќајните проблеми во централното градско подрачје, а придонесе за зголемување на проточноста на возила, за намалување на времето на патување и за заштита на животната средина.

На проширување и реконструкција на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов работеа екипите на градежната фирма „Бауер БГ“, а за овој проект Градот Скопје потроши околу 96 милиони денари.



# ЗАВРШЕН БУЛЕВАРОТ СРБИЈА




Булеварот Србија во 2011 година доби 5 коловозни ленти, тротоари, велосипедски патеки, средишно зеленило и ново осветлување. Должината на новоизградената делница изнесува 2 000 метри, од крстосницата со булеварот Видое Смилевски Бато до улицата Првомајска. На крстосницата со влезот во фабриката „Усје" е оформен кружен тек којшто ќе овозможи проток на сообраќајот без застој.

Реализацијата на овој значаен проект придонесе за подобра комуникација меѓу општините Аеродром, Кисела Вода и Гази Баба.

За изградба на овој капитален објект Градот Скопје потроши околу два милиона евра.

# ПРОШИРЕН БУЛЕВАРОТ ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО




Булеварот Видое Смилевски Бато, во населбата Ново Лисиче во 2009 година беше проширен во должина од 510 метри на потегот од крстосницата со булеварот Србија до крстосницата со булеварот Февруарски поход. За градежните работи беа потрошени 30 милиони денари.

Станува збор за модерно булеварско решение, со вградена атмосферска канализација, штедливи светилки, зелен средишен појас и уредени тротоари.

# ШЕСТ ЛЕНТИ ЗА БУЛЕВАРОТ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

Од крстосницата со улицата Мито Хаџивасилев Јасмин до крстосницата со булеварот Партизански одреди, во должина од 524 метри, булеварот Свети Климент Охридски во септември 2011 година доби шест ленти, нови тротоари и средишно зеленило.

Со проектот за проширување и реконструкција на булеварот Свети Климент Охридски се преуредени и постојните крстосници, а на крстосницата со булеварот Партизански одреди се скратени пешачките острови, со што булеварот Партизански одреди доби трета коловозна лента во насока кон центарот на градот.

Во текот на градежните работи постојните подземни инсталации се дислоцирани под тротоарите, а водоводната цевка е целосно заштитена со армирано-бетонска конструкција. За одведување на атмосферските води од новата сообраќајница се изведени дополнителни 42 сливници.

На терен работеа екипите на градежната компанија „Гранит“. За реализација на овој капитален проект Градот Скопје одвои околу 37 милиони денари.







# БУЛЕВАРОТ МАКЕДОНСКА ВОЈСКА ПРОБИЕН ДО СТАДИОНОТ

Вториот дел на булеварот Македонска војска во текот на 2011 година беше пробиен од крстосницата со улицата Ѓорче Петров кон стадионот на ФК„Македонија Ѓорче Петров" во должина од 850 метри.

Сообраќајницата е широка седум метри, оформени се тротоари покриени со бекатон-плочки, а поставено е и ново улично осветлување.

На изградба на вториот дел од булеварот Македонска војска работеа екипите на градежната компанија АД „Гранит", а Градот Скопје за реализација на овој капитален зафат потроши околу 25 милиони денари.



# КРУЖЕН ТЕК ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ




Улиците Ѓорче Петров, Воин Драшкоци и Радушка, во општината Ѓорче Петров, во мај 2011 година ги поврза кружна крстосница. Кружниот тек има две коловозни ленти широки 7 метри и нови пешачки и велосипедски патеки покриени со бекатон-плочки. На кружниот тек се поставени  и нови сообраќајни знаци.

Градот Скопје со ова ново сообраќајно решение придонесе значително да се намали сообраќајниот метеж што беше честа слика на улицата Ѓорче Петров и да се зголеми протокот на возила.

На изградбата на овој модерен кружен тек работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија-Гостивар“.





### Се прават подготовки за уредување на просторот

# ПОДЗЕМНА СООБРАЌАЈНИЦА ЗАД СТАРАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА

Градот Скопје на 12 март годинава склучи договор со компанијата „Лимак“ од Република Турција со којшто се уредуваат односите за изградба на подземна сообраќајница во согласност со Деталниот урбанистички план „Стара железничка станица“.

- Компанијата „Лимак“ ќе ја изгради новата сообраќајница под земја, на длабочина од 6 метри. Булеварот ќе биде долг 800 метри и ќе има по три коловозни ленти во секоја насока. Се очекува градежните работи на подземната сообраќајница да почнат за една година. Прво ќе се гради булеварот, а потоа и објектите што ќе никнат над него – објекти за колективно домување, трговски и деловни центри и хотели. Со овој договор практично почнува реализацијата на проектот за Јужен булевар во Скопје. Градот Скопје во наредниов период ќе почне да прави проекти за продолжување на подземната сообраќајница и нејзиното поврзување со булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов – рече градоначалникот Коце Трајановски на потпишувањето на договорот.



Компанијата „Лимак“, според договорот, откако ќе ја изгради подземната сообраќајница има обврска да ја предаде во владение на Градот Скопје.



# ПОДГОТОВКИ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОДЗЕМНАТА УЛИЦА ПОД КЕЈОТ

Градежниот проект за сообраќајницата и тунелот што ќе се протегаат од раскрсницата на булеварот Илинден со булеварот Гоце Делчев, па под кејот „13 Ноември“ до раскрсницата на булеварите Крсте Мисирков и Кочо Рацин ќе го изработуваат експертите од проектантската куќа ИДОМ, од Шпанија. Договорот за изработка на проектот во име на Град Скопје го потпиша градоначалникот Коце Трајановски, а во име на проектантската куќа ИДОМ, Хозе Алберто Фулдаин.

- Ја потпишуваме инвестиционата техничка документација на ниво на основен проект за подземната сообраќајница од мостот „Гоце Делчев“ до Комплексот банки заедно со потребните улици за влез и за излез. Вредноста на градежниот проект е 33 милиони денари, а вредноста на сообраќајниот проект изнесува 5,2 милиони денари со ревизија. Минатата година со Владата на Република Македонија и со Министерството за транспорт и врски потпишавме Меморандум за соработка за финансирање на изградбата на оваа сообраќајница којашто се предвидува да изнесува околу 32 милиони евра. Изработката на сообраќајниот и на градежниот проект се очекува да заврши до крајот на 2012 година. Потоа ќе се распише тендер за избор на изведувач, а изградбата треба да почне до крајот на 2013 година. Рокот за изведба е околу 3 години – објасни градоначалникот Трајановски.



Тој додаде дека должината на подземната сообраќајницата е 1300 метри, од коишто 900 метри се под земја, а 400 метри над земја. Сообраќајницата почнува со кружен тек кај мостот „Гоце Делчев“, потоа се движи под земја и излегува во близина на Транспортниот центар, каде што треба да се направи уште еден кружен тек на вкрстувањето на булеварот Крсте Мисирков со булеварите Кочо Рацин и Кузман Јосифовски Питу. Подземната сообраќајница ќе се гради 10 метри под земја.

# НОВ АСФАЛТ ЗА ШЕСТ ГОЛЕМИ СООБРАЌАЈНИЦИ

Булеварите Партизански одреди, Крсте Мисирков и Кузман Јосифовски Питу, како и улиците Даме Груев, Васил Аџиларски и Стив Наумов во јуни 2011 година добија нов асфалт. Во акцијата на Градот Скопје стариот и оштетен асфалтен слој на овие сообраќајници беше изгребан, шахтите и сливниците беа нивелирани, уредени беа автобуските стојалишта и беше нанесен нов асфалт.

За изведување на градежните работи на шесте улици Градот Скопје одвои околу 150 милиони денари. На обнова на булеварот Партизански одреди и на улицата Даме Груев работеа екипите на ГП „Пелагонија – Гостивар“, а улиците Васил Аџиларски и Стив Наумов ги обновија градежниците од „Хуљуси комерц“. Асфалтот на булеварот Крсте Мисирков го обнови екипите на градежната фирма „Бауер БГ“, а на реконструкција на булеварот Кузман Јосифовски Питу, кај Железничката станица, работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.


Булевар Кузман Јосифовски Питу


Булевар Партизански одреди


Улица Стив Наумов


Улица Васил Аџиларски



Булевар Крсте Мисирков


Улица Даме Груев

# ОБНОВЕН КОЛОВОЗОТ НА УЛИЦИТЕ ВО ОПШТИНИТЕ...



## ... КАРПОШ

Екипите на Градот Скопје минатата година ја завршија првата фаза од реконструкцијата на улицата Козле, во општината Карпош. Во должина од 444 метри оваа улица доби нов асфалт и нови тротоари, на потегот од последната станица на автобусот со број 57 до крстосницата со улицата Јуриј Гагарин.

На обнова на улицата Козле работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија – Гостивар", а за градежните работи Градот Скопје одвои околу 11,5 милиони денари.



## ... САРАЈ

Во јуни 2011 година беше реконструирана улицата во село Крушопек, општина Сарај. Делницата е долга 1 200 метри и широка 4,5 метри.

На реконструкција на улицата Крушопек работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија – Гостивар". Овој проект е резултат на добрата соработка меѓу Градот Скопје и општината Сарај. За обнова на улицата Крушопек се потрошени 14 милиони денари, а Градот Скопје учествуваше со 8,5 милиони денари.



## ... БУТЕЛ

Во општината Бутел, нов асфалт лани доби улицата Радишанска, во должина од 700 метри, од првиот до третиот влез во населбата Радишани.

Коловозот на улицата Радишанска го обновија екипите на градежната компанија „Хуљуси комерц", а во реконструкцијата Градот Скопје вложи околу 10 милиони денари.



## ... КИСЕЛА ВОДА

Улицата Иван Козаров во населбата Кисела Вода во 2010 година доби нов коловоз во должина од 340 метри. Сообраќајницата се реконструираше на потегот од крстосницата со улицата Доситеј Обрадовиќ до крстосницата со улицата Божидар Аџија, а за градежните работи Градот Скопје потроши околу 3 милиони денари.



## ... ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Нов асфалт минатата година доби улицата Волковска, на потегот од центарот на населеното место Волково до последната станица на автобусот со број 22. Сообраќајницата е проширена и реконструирана во должина од 1 300 метри. Оваа делница е продолжување на реконструираниот дел од улицата Волковска од 1 700 метри, од пругата до центарот на населбата Волково, што Градот Скопје го заврши во 2010 година.

Градот Скопје во овој проект вложи околу 28 милиона денари.



## ... ШУТО ОРИЗАРИ

Нов асфалт доби и улицата Пелагонија, во општината Шуто Оризари. Коловозот на оваа сообраќајница е обновен во должина од 550 метри за што Градот Скопје издвои 3,2 милиони денари.

Градежните работи ги изврши јавното претпријатие „Улици и патишта".



## ...КИСЕЛА ВОДА

Неколку улици во населбата Усје, коишто пред повеќе години беа раскопани заради поставување водоводна мрежа, добија нов асфалт. Проширена и асфалтирана беше улицата број 1, во должина од 400 метри, како и улиците број 2, број 3, број 4 и број 22 во вкупна должина од 600 метри.

Градот Скопје за овој проект одвои 3,3 милиони денари, а на терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта".



## ...ГАЗИ БАБА

И улицата Благоја Стефковски, во населбата Маџари, во 2010 година доби нов асфалт. Обновени се 800 метри од оваа сообраќајница, на потегот од влезот во Маџари до надвозникот кон населбата Ченто. Во овој градежен зафат улицата Благоја Стефковски доби и атмосферска канализација, со профил од 800 милиметри.

За обнова на оваа улица Градот Скопје потроши околу 26 милиони денари.



### ... БУТЕЛ

Во јули 2010 година беше обновен коловозот на улицата Ферид Бајрам, во должина од 800 метри. Со тоа се зголеми проточноста на возила по оваа сообраќајница и се зголеми безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

Реконструкцијата на улицата Ф ерид Бајрам Градот Скопје го чинеше 6,5 милиони денари.



### ... САРАЈ

Асфалтен пат во 2009 година беше изграден меѓу селата Копаница и Рашче, во општината Сарај. Реконструираната делница од патот е долга 698 метри со широчина од 3,8 метри.

Обновата на овој пат им го олесни пристапот на жителите на двете села до Скопје, а овозможи и поврзување со кружниот пат Скопје – Тетово. За реконструкција на патот Градот Скопје потроши околу 5 милиони денари.



### ... ЧАИР

Градот Скопје во 2010 година потроши околу 11,4 милиони денари за целосна реконструкција на улицата Кемал Сејфула, во населбата Чаир.

Стариот асфалт беше заменет со нов и улицата доби комплетно нов лик.



### ... ЦЕНТАР

Градежните работи на обиколните улици кај националната арена „Филип II Македонски" се во тек. Инвестицијата е вредна околу 35 милиони денари, во којашто со по една третина од средствата учествуваат Градот Скопје, АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор и општината Центар.

Проектот за изградба на обиколните улици кај стадионот опфаќа изградба на атмосферска мрежа со должина од 550 метри, коловози со вкупна површина од 14 310 квадратни метри, тротоари со површина од 5 832 квадрати, како и комплетно осветлување.



## ... ГАЗИ БАБА

Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ минатата година го асфалтираа патот кон населбата Хиподром, од пругата во Маџари до спортскиот центар во Хиподром. Патот е долг 1 100 метри.

Во овој зафат Градот Скопје вложи околу 4 милиони денари.



## ... ГАЗИ БАБА

Нов асфалт доби и патот за населбата Инџиково во општина Гази Баба, на потегот од СОС Детското село до мостот во Инџиково. Патот е долг 420 метри, а за градежните работи Градот Скопје потроши 1,2 милиони денари.



## ... БУТЕЛ

Во населеното место Визбегово е асфалтиран локален пат долг 900 метри и е поставено ново улично осветлување. Изградбата на патот чинеше 12 милиона денари од кои 50 насто се средства од Градот Скопје, а 50 насто на општината Бутел.



## ... ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Пат долг 846 метри го поврза населеното место Волково со северната обиколница. Сообраќајницата е со две коловозни ленти од по 3,5 метри и тротоари од по 2,5 метри.

За изградба на овој пристапен пат од градската каса беа издвоени 12 милиона денари.



### ... ЦЕНТАР

Градот Скопје и ЈП „Улици и патишта“ ја обновија улицата Белградска, од крстосницата со улицата Водњанска до улицата Димитар Митрев, во должина од 550 метри. Градот Скопје во овој зафат вложи околу 5 милиони денари.



### ... ЧАИР

Коловозот на улицата Пере Тошев, во Чаир, минатата година беше обновен во должина од 180 метри и сега е широк 6 метри. За овој градежен зафат Градот Скопје потроши околу 1,8 милиони денари, а на терен работеа градежниците на компанијата „Бауер БГ“.

Со обнова на коловозот на улицата Пере Тошев, Градот Скопје ги реши долгогодишните проблеми на нејзините жители, а ја зголеми и безбедноста во сообраќајот.



### ... ШУТО ОРИЗАРИ

На барање на околните жители Градот Скопје ги асфалтираше улиците „17“, „19“, „30“ и „33“, во општина Шуто Оризари. За реализација на овој проект Градот потроши 12 милиона денари.



### ... ГАЗИ БАБА

Во должина од 756 метри кракот од улицата Јужноморавски бригади што води кон гробиштата Камник беше проширен и реконструиран. Патот сега има две коловозни ленти и нови тротоари.

За реализација на овој проект, којшто е заедничка инвестиција на Градот Скопје и на општина Гази Баба, беа инвестирани околу 23,5 милиони денари, од коишто Градот Скопје обезбеди 75 насто. На терен работеа екипите на градежната компанија „Бауер БГ“.

# ИЗГРАДЕНИ ТРОТОАРИ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ СКОПЈЕ – КАТЛАНОВО...



По должината на регионалниот пат Скопје – Катланово (Р-303), низ населеното место Трубарево, во 2010 година за првпат беше изграден тротоар со што значително се зголеми безбедноста на пешаците и на велосипедистите.

На изградба на тротоарите во Трубарево работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“. Овој градежен зафат Градот Скопје го чинеше околу 3 милиони денари.



## ...НА УЛИЦАТА СКУПИ...

Нов тротоар е изграден по должината на улицата Скупи, на потегот од мостот на реката Лепенец до патот за Бардовци, во должина од 800 метри. На улицата Скупи претходно немаше тротоар. Со овој проект на Градот се зголеми безбедноста на пешаците на улицата Скупи. За изградбата на тротоарот Градот Скопје потроши 3,2 милиони денари.



## ...И НА БУЛЕВАРОТ НИКОЛА КАРЕВ

По должината на булеварот Никола Карев, од поликлиниката „Бит-пазар“ кон хотелот „Континентал“, во 2010 година првпат беше изграден тротоар.

Пешачка патека е изградена и на другата страна на булеварот, од клучката „Детелинка“ до клучката кај хотелот „Континентал“, во должина од 500 метри.

На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.

# ОБНОВЕНИ ТРОТОАРИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ

Тротоарите по должината на шест клучни сообраќајници во центарот на градот есенва добија нов лик. Оштетените тротоари коишто со години создаваа проблеми во движењето на пешаците беа целосно раскопани и покриени со бетонски префабрикувани плочи, а за реализација на овој обемен проект Градот Скопје одвои околу 32 милиона денари.

На обнова на тротоарот од двете страни на булеварот Гоце Делчев, од мостот „Гоце Делчев“ до крстосницата со улицата Васил Аџиларски работеа екипите на ИГМ „Вратница“. Пешачката патека на булеварот Партизански одреди, пред Соборниот храм, на дел од булеварот ВМРО, како и патеката пред објектот на НУБ „Свети Климент Охридски“ ја обновија градежниците од „Чингар инжинеринг“. На тротоарот по должината на улиците Васил Аџиларски и 11Октомври, кај паркот „Жена-борец“, работеа екипите на „Пелагонија – Гостивар“. За реконструкција на пешачката зона на улицата Васил Главинов и на дел од булеварот Илинден (од мостот „Гоце Делчев“ до зградата на Владата на Република Македонија) беше задолжена компанијата „Урбан инвест“.



Булевар Гоце Делчев



Булевар Илинден



Булевар Партизански одреди



Улица 11 Октомври



Улица Васил Главинов



Булевар ВМРО

# НОВ ЛИК ЗА МОСТ



## МОСТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



Нова заштитна ограда и ново осветлување во октомври 2011 година доби мостот „Гоце Делчев“. Новата ограда е изработена од цевкасти профили и е составена од 148 монтажни елементи со должина од 3,6 метри и височина од 1,2 метри, коишто се поврзани со столпчиња.

Реконструкцијата на заштитната ограда на мостот „Гоце Делчев“ ја изведоа екипите на градежната фирма „Бауер БГ“, а во овој проект Градот Скопје вложи околу 30 милиони денари.

На мостот „Гоце Делчев“ е поставено и ново осветлување со 26 канделабри, а на десетте 10-метарски столбови до внатрешните огради на мостот се поставени нови посовремени светилки, на декоративни конзоли. На мостот се поставени и неонки за осветлување на трупот, како и 76 рефлектори за амбиентално осветлување на контурите на мостот.

За осветлувањето на мостот „Гоце Делчев“ се погрижија екипите на „Електракомерц“ Скопје, а за реализација на овој дел од проектот Градот Скопје одвои 3,7 милиони денари.



## „МОСТ НА РЕВОЛУЦИЈА“



И „Мостот на Револуцијата“ осамна во ново руво. На мостот што ги поврзува булеварите Кочо Рацин и Крсте Мисирков реконструрани се тротоарите, оградата и уличното осветлување. Санирани се и оштетените бетонски делови на надворешната страна на мостот.

Новата ограда е изработена од ковано железо. Во неа монтирани се 22 декоративни канделабри. Мостот дополнително го осветлуваат 10 столба од уличното осветлување, а контурите на мостот ги нагласува линиското осветлување.

Реконструкцијата на „Мостот на Револуцијата“ ја извршија екипите на градежната компанија „СИНТЕК ДОО“ од Скопје. За обнова на мостот Градот Скопје потроши околу 27,6 милиони денари.

# ОВИТЕ НА ВАРДАР







## НОВ МОСТ ВО САРАЈ

На реката Вардар во Сарај во тек е изградбата на нов мост којшто ќе биде долг 50 метри. Новиот премин преку Вардар ќе биде армирано-бетонски, во три распони. На мостот ќе биде изграден коловоз со две сообраќајни ленти, велосипедска и пешачки патеки. Заштитната ограда ќе се состои од челични столпчиња поврзани со профилирана лимарина. Мостот ќе биде осветлен со челични канделабри.

Новиот премин над Вардар во Сарај го градат екипите на градежната компанија „Гранит АД“ – Скопје. Вредноста на овој капитален проект е околу 96,8 милиони денари, средства обезбедени од Градот Скопје, општината Сарај и од Владата на Република Македонија.





## НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ЧАРШИЈАТА

Уличното осветлување во Старата скопска чаршија наскоро ќе биде целосно обновено. Со проектот за реконструкција ќе бидат опфатени улиците Битпазарска, Дрварска, Покриена чаршија, Градиште, Лазар Танев, Подграѓе, Јорганџиска, Макарија Фрчковски, Казанџиска, 694, Ќурчиска, Евлија Челебија, 412, Папуџиска, Петар Михов, Теодосиј Гологанов, Ковачка и Самарџиска.



## СЕ ОБНОВУВААТ ФАСАДИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ

Објектот над ресторанот „Пелистер" на улицата 11.Октомври број 2 и зградата на улицата Маршал Тито број 22, наскоро ќе добијат нови фасади. Екипи на Градот Скопје деновиве работат и на реконструкцијата на фасадата на дел од објектот на улицата 11 Октомври број 2, влезови 1, 2, 3, 4 и 5, што претставува продолжение на објектот од ресторанот „Пелистер" кон плоштадот „Пела".



## УРЕДЕН ПРОСТОРОТ ОКОЛУ МИЛЕНИУМСКИОТ КРСТ

Платото околу Милениумскиот крст минатата година беше комплетно уредено. Околу Милениумскиот крст се оформени два кружни исечоци, а површината е покриена со различни типови камен коишто се вклопуваат во планинскиот амбиент. Во круговите на платото е поставена урбана опрема – клупи, корпи за отпадоци и осветлување. За уредување на платото Градот Скопје одвои околу 4,7 милиони денари.



## ОБНОВЕНО ПЛАТОТО ПРЕД ЦРКВАТА „СВЕТИ СПАС"

Градот Скопје го обнови платото пред црквата „Свети Спас". Старите и искршени камени плочи беа заменети со камена коцка, а платото доби автентичен лик.

За обнова на просторот со површина од 270 квадратни метри Градот Скопје потроши околу милион денари.



## НОВ ЛИК ЗА МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР...

Објектот на Младинскиот културен центар на почетокот на годинава доби нов изглед. Со средства добиени од ИПА Програмата на Европската Унија, во износ од 35 000 000 денари, завршена е реконструкцијата на покривот на објектот, реконструкцијата на фасадата, на санитарните јазли и на тоалетите. Градот Скопје како коинвеститор во реконструкцијата обезбеди средства за набавка на аудио и светлосна опрема во износ од 8 320 000 денари.

Со средства на Град Скопје во износ од 7 250 000 денари заврши и санацијата на концертната сала и на киното „Фросина“ во МКЦ.



## ... И ЗА САЛОНОТ 19:19

Салонот 19:19 во Културно информативниот центар којшто се реновираше во изминативе шест месеци, на 15 март годинава повторно ги отвори вратите за уметниците и за публиката.

Со инвестиција на Град Скопје од 3,5 милиони денари извршена е поправка на покривот, на гримиорните, тоалетите, гардеробите и другите помошни простории, а реновирано е и влезното фоаје во Салонот. Донацијата од 7 милиони денари од Фондацијата ИМАС од САД е искористена за реновирање и уредување на ентериерот на салата, каде што се монтирани нови седишта, комплетно нова сценска конструкција, подобрена е акустичната школка на Салонот, поставено е ново осветлување и централна климатизација на просторот.



## РЕНОВИРАН ОБЈЕКТОТ НА ДКЦ „КАРПОШ“

Целосно е обновена зградата на Детскиот културен центар „Карпош“, на булеварот Илинден. Внатрешноста на домот е реновирана и опремена со нов мебел, а фасадата на објектот е реставрирана во нејзината автентична боја. Во обновата на Центарот Градот Скопје вложи околу 6 милиони денари.



## ГРАДСКА КУЌА НА КЕЈОТ НА ВАРДАР

Нов административно-деловен објект за потребите на администрацијата на Град Скопје се гради на улицата Лазар Личеноски, под скопското Кале. Зградата ќе има приземје и пет ката и работен простор за 650 вработени.

# ЗГОЛЕМЕНИ КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ПАРКИРАЊЕ



## ПОД ТРАНСПОРТНИОТ ЦЕНТАР

Под Транспортниот центар е отворено паркиралиште за лесни моторни возила со површина од 6 840 квадратни метри и со 218 обележани места за паркирање.

Градот Скопје минатата година ја заврши изградбата и на паркиралиштето за автобуси, комбиња и за лесни моторни возила под Транспортниот центар. Новиот паркинг обезбедува 64 места за паркирање, и тоа 10 места за автобуси, 12 за комби-возила и 42 места за автомобили. Во овој проект Градот вложи околу 11,6 милиони денари.



## ПРЕД ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА

Од десната страна на булеварот Илинден, пред објектот на Зоолошката градина, екипите на Градот Скопје изградија паркиралиште за 93 возила. Паркингот доби ново осветлување, а е опкружен и со зелен појас од 10 метри.

На изградба на новиот паркинг работеа екипите на градежната компанија „Жикол“, а Градот Скопје за овој проект одвои околу 10 милиони денари.



## КАЈ САЛАТА „ЈАНЕ САНДАНСКИ“

Паркиралиштето на булеварот АВНОЈ, наспроти спортската сала „Јане Сандански“ во Аеродром наскоро ќе добие дополнителни 120 паркинг-места. Ова паркиралиште ќе се прошири во должина од 300 метри, се до последната станица на автобусот со број 5.



## НА УЛИЦАТА ВАСКО КАРАНГЕЛЕВСКИ

На улицата Васко Карангелевски, во населбата Аеродром, е отворено паркиралиште за 220 возила. Паркингот се протега на површина од 2 415 квадратни метри, а за неговата изградба Градот Скопје одвои 5 милиони денари.

## КАТНА ГАРАЖА НА УЛИЦАТА МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН...

Катната гаража што се гради на улицата Мито Хаџивасилев Јасмин ќе има два ката под земја и седум ката над земја, со 445 паркинг-места од коишто 17 места за паркирање ќе бидат за лицата со посебни потреби. За изградба на катната гаража Градот Скопје ќе потроши околу 656 милиони денари.





## ... И НА УЛИЦАТА ДАМЕ ГРУЕВ

Шестотини и пет нови паркинг-места ќе обезбеди катната гаража што се гради на улицата Даме Груев. Новиот објект ќе има 7 ката над земја и две нивоа под земја.

Објектот го градат екипите на градежната компанија „Конструктор инжинеринг ДД Сплит“, а се очекува да биде готов за две години. Во овој капитален објект Градот Скопје ќе вложи околу 850 милиони денари.

## ПРЕД МРТВ

Нов паркинг од 2010 година функционира и пред зградата на Македонската радио телевизија. Паркиралиштето е со капацитет од 130 возила на површина од 2 800 квадратни метри.

Градот Скопје за уредување на овој паркинг од Буџетот издвои околу 3,5 милиони денари.



## ЗАД ТЦ „МАВРОВКА“

Зонско паркирање е воведено на паркиралиштето со 110 места, зад трговскиот центар „Мавровка“.

Новиот систем на паркирање им помага на граѓаните полесно да дојдат до паркинг-место и го намалува сообраќајниот метеж што се создава на ова фреквентно место.



# ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕ

Булеварот Христијан Тодоровски Карпош во населбата Бутел доби атмосферска канализација долга 547 метри. Мрежата трајно ги решава проблемите со одведувањето на дождовницата и поплавувањето на улицата по поројните дождови.



Новата препумпна станица за прифаќање фекални води на десниот брег на реката Вардар беше промовирана на 11 април годинава. Изградбата на станицата е заедничка инвестиција на Градот Скопје, општината Аеродром и Министерството за транспорт и врски. Во вкупната вредност на овој проект од 48 милиони денари Градот Скопје учествува со 21 милион денари.

Препумпната станица директно ќе ги препумпува и ќе ги одведува сите фекални отпадни води од населбите Горно Лисиче, Лисиче, Ново Лисиче, Аеродром и од населбата 11 Октомври од општината Кисела Вода.



Пуштена е во употреба атмосферската канализација на булеварот Србија, кај цементарницата „Усје“.

Со заеднички проект Градот Скопје, општината Гази Баба и Министерството за транспорт и врски изградија атмосферска и фекална канализација на улицата Јужноморавски бригади. Проектот е вреден 23 милиони денари.



Целосно е изграден колекторот што ги собира атмосферските води од населбата Ќерамидница, како и водите од клучката кај хотелот „Континентал“ до испустот во реката Вардар, во должина од 530 метри. За овој проект Градот Скопје издвои 26 милиони денари.

Градот Скопје на крајот на 2011 година ја почна изградбата на кракот 2 од атмосферската канализација во месната заедница „Бајрам Шабани“, во општина Чаир. Во текот на градежните работи во должина од 810 метри ќе се постават полиетиленски коругирани цевки со дијаметар од 300 до 800 милиметри, со ревизиони шахти и сливници. Кракот 2 од новата атмосферска канализација ќе се поврзе на постојниот колектор Ф 1900 мм на улицата Цветан Димов.

За изградба на кракот 2 од оваа атмосферска канализација Градот Скопје ќе одвои околу 8,4 милиони денари без ДДВ, а на терен ќе работат градежниците од „Пелагонија – Гостивар“.



# ЛНАТА И КАНАЛИЗАЦИСКАТА МРЕЖА

Изградбата на третата фаза од фекалната канализациска мрежа во село Љубанци, којашто почна на 15 март, се одвива според предвидената динамика. Со овој градежен зафат село Љубанци целосно ќе биде приклучено на фекалната канализација.

Со градежниот зафат ќе се изградат три крака од фекалната канализација во село Љубанци, со вкупна должина од 857 метри. Овој проект е резултат на добрата соработка меѓу Град Скопје и Општина Бутел. Во проектот вреден околу 6,3 милиони денари Градот Скопје учествува со 5 милиони денари.





Новата водоводна мрежа на улицата Перо Наков, во општината Гази Баба го подобри водоснабдувањето на 30 000 жители од населбите Маџари, Хиподром, Ченто и источната индустриска зона.

Фекалниот и атмосферски колектор за населбите Стајковци, Ченто, Инџиково, Хиподром и Маџари, како и препумпната станица за фекални води „Макошпед" на крајот на 2009 година беа доградени и пуштени во употреба.

Колекторскиот систем ги решава долгогодишните проблеми на околу 30 000 жители. Изградбата на колекторскиот систем и реконструкцијата на препумпната станица чинат 120 милиони денари, од кои 61 милион денари обезбеди Владата на Република Македонија, а другите средства ги обезбеди ЈП „Водовод и канализација".



Екипите на Градот Скопје ја доградија новата фекална канализација на новопроектираниот булевар АСНОМ во Горно Лисиче, во должина од 1 200 метри. За овој проект беа одвоени 18 милиони денари, пари од буџетот на Градот Скопје.



Обновена е водоводната мрежа на улица Демир Трајко.

# ЈП „ДРИСЛА“



Со одлука на Советот на Град Скопје на крајот на 2009 година се формира Јавно претпријатие за депонирање комунален отпад „Дрисла“ – Скопје, со што депонијата „Дрисла“ се издвои од ЈП „Комунална хигиена“ како посебен правен субјект.

Причина за формирањето посебно јавно претпријатие е потребата од складирање и обработување на отпадот според европските и светските стандарди, со што Скопје ќе добие современа санитарна депонија.



Градот Скопје и ЈП „Дрисла“ набавија седум половни возила што значително ја подобрија работата на ова јавно претпријатие. Набавени се 2 булдожера, компактор за работа на депонија, багер гасеничар, 2 камиона и цистерна за вода.

Вкупната вредност на опремата изнесува околу 40 милиони денари. Во изминатиов период Градот Скопје инвестираше и дополнителни 20 милиони денари за изградба на пат во депонијата, систем за зафаќање извор на вода до Маркова Река и изградба на систем за отпадни води.



Нови 1 300 контејнери и 4 500 канти со капацитет од 120 литри се поставени на повеќе локации низ градот, како донација за Градот Скопје од Владата на Република Македонија.

Екипите на Градот Скопје и на јавното претпријатие „Улици и патишта" градат нови места за поставување контејнери на улиците низ градот. Градот Скопје ќе изгради 121 место за поставување контејнери од 1,1 кубен метар.





Како дел од заложбата на Градот Скопје за почист град и поефикасно подигање на собраниот отпад, на индивидуалните домаќинства во Скопје ќе им бидат бесплатно поделени 60 000 пластични канти за отпад.

Вредноста на овој проект е околу 900 илјади евра, пари обезбедени како кредит од Светската банка, со помош на Владата на Република Македонија.

Градот Скопје постави 116 трикоморни мрежести контејнери за селективно собирање пластика, хартија и лименки. Овие контејнери се распоредени во сите десет скопски општини, со што се создадоа услови граѓаните на Скопје отпадот од пакувања од нивните домаќинства да го селектираат и одложат во наменскиот контејнер поставен на најблиската локација.





# ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“

Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ кон крајот на 2009 година се опреми со шест нови специјализирани возила за собирање смет. Новите камиони се со зафатнина од 16 кубни метри, со вграден механизам за подигање и за празнење на стандардни контејнери со зафатнина од 1,1 кубик и типски канти од 120 и од 240 литри.

Во набавката на новите возила Градот Скопје учествуваше со околу 16 милиони денари.

Во 2010 година Градот Скопје набави шест нови специјализирани возила за собирање смет што ја зголемија ефикасноста на ЈП„Комунална хигиена“. Новите камиони се со зафатнина од 20 кубни метри, со вграден систем за подигнување и празнење контејнери со капацитет од 1,1 кубни метри и канти од 120 литри.

Цената на шесте возила е околу 50 милиони денари.



Двојно е зголемен капацитетот на стационарот „Вардариште“. Објектот е изграден според европски стандарди и во него се сместени 48 нови боксови за сместување и хуман третман на заловените кучиња скитници.

За проширување на стационарот „Вардариште“ Градот Скопје потроши околу 7 милиони денари.





Редовно се собира сметот во руралните средини со две нови возила што ги набави општината Кисела Вода и ги донира на ЈП„Комунална хигиена“. Камионите собираат смет во населбите Драчево, Пинтија, Усје и Припор, каде што големите камиони имаат отежнато движење.

Неформалните собирачи на селектиран отпад потпишаа договори и станаа дел од интегрираниот систем на ЈП „Комунална хигиена“ за селектирање и преработка на отпадот од пакувања, што им дава правно признание за нивните активности. Деветнаесет неформални собирачи го собираат селектираниот отпад од подрачјето на општините Ѓорче Петров, Карпош и Центар.

Собраниот отпад во рециклажниот двор на булеварот Илинден го откупува ЈП „Комунална хигиена“, коешто го презема, балира и обезбедува пласман на секундарната суровина преку „Пакомак“.



За потребите на ЈП „Комунална хигиена“ Градот Скопје во јули 2011 година набави приколка за превоз на крупен добиток. Приколката се користи за транспорт на коњи коишто ќе бидат заловени на јавните зелени површини низ градот.

За набавка на оваа приколка Градот Скопје од Буџетот издвои 298.965 денари.



Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ во 2011 година се опреми со 23 нови специјализирани возила за собирање отпад. За набавка на првите шест специјализирани возила Градот Скопје на ЈП „Комунална хигиена“ му додели наменски средства во висина од 30,5 милиони денари. За набавка, пак, на 17 возила за потребите на претпријатието средствата во вредност од околу 110 милиони денари се обезбедени со кредит на Република Македонија од Светската банка во рамките на „Проектот за подобрување на општинските услуги“, како подзаем на Градот Скопје.




Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ годинава се поднови со две нови специјализирани возила за чистење на коловозите - метларки и со 5 мали камиони за собирање смет. За набавка на овие возила од Буџетот на Градот се издвоени околу 18 милиони денари.

Малите камиони за собирање смет од тесните улички, односно од населбите каде што големите камиони немаат пристап поради конфигурацијата на теренот, се со капацитет од 5 кубни метри, со вграден систем за подигнување и празнење контејнери или истовремено подигање и празнење 2 типски канти од 120 литри.

Петте мали камиони за собирање смет јавното претпријатие „Комунална хигиена“ ги набави од сопствени средства.



Дефектите во водоводната мрежа во градот ги открива специјално возило на ЈП „Водовод и канализација“ коешто придонесе за намалување на загубите на вода во системот. Возилото е опремено според сите најсовремени стандарди и е единствено од ваков тип во регионов.

За набавка на ова возило минатата година ЈП „Водовод и канализација“ издвои 7,5 милиони денари.

# ЈП „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“




Екипите на ЈП „Водовод и канализација“ во 2009 година почнаа да поставуваат нов тип водомери со далечинско отчитување во скопските домаќинства.

Овој проект на Градот Скопје и на ЈП „Водовод и канализација“ го олеснува читањето на водомерите, го намалува времето на читање и ги јавува дефектите на мрежата во домовите на граѓаните за да се спречи непотребното истекување вода.

# ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА“

ЈП „Улици и патишта“ доби нова машина за бележење на хоризонталната сигнализација на градските улици со поголем капацитет и со резервоар за боја од 150 литри.

Возилото ќе го зголеми квалитетот на бележењето и ќе го скрати времето за работа.

Со тоа се гарантира помал застој во сообраќајот во периодот кога се освежува хоризонталната сигнализација на улиците.





Асфалтната база на ЈП „Улици и патишта“ што се наоѓа во кругот на фабриката „Железара“ во Бутел во 2011 година беше обновена според европски стандарди. Асфалтната база е комплетно автоматизирана, производството е контролирано преку компјутерски систем, а решен е и проблемот со загадувањето на воздухот преку нови воздушни филтри.

Со реконструкцијата на базата јавното претпријатие ја подобри ефикасноста во работењето, се подобри квалитетот на асфалтот и времето за негова изработка, а се намали можноста од дефекти.

За целосна реконструкција на базата Градот Скопје вложи 15 милиони денари.

# ЈСП „СКОПЈЕ“



Во текот на 2011 година на градските улици почнаа да сообраќаат вкупно 148 нови автобуси, и тоа 68 двокатни автобуси од Кина и 80 нископодни од Украина. Минатиот месец пристигнаа уште 68 нови двокатни автобуси. Со вкупниот број од 216 нови автобуси за потребите на ЈСП „Скопје“ обновени се 70 проценти од возниот парк на ова јавно претпријатие.

Новите автобуси се изработени според сите водечки технологии и се опремени со надворешни и со внатрешни информатори, клима-уреди, рампи за лицата со посебни потреби, како и еколошки мотори коишто ќе обезбедат помало загадување на воздухот и помала потрошувачка на гориво. Со набавката на овие автобуси полека, но сигурно, се решаваат долгогодишните проблеми во јавниот транспорт. Обновата на возниот парк на ЈСП „Скопје“ е резултат на добрата соработка на Градот Скопје со Владата на Република Македонија.

Со проектот за обнова на возниот парк на ЈСП „Скопје“ е предвидена набавка на вкупно 202 двокатни автобуси, 15 панорамски двокатни автобуси, како и 80 нископодни автобуси и 16 минибуси.

Постарите лица добија можност бесплатно да се возат во автобусите на ЈСП во вторник и во петок. Можноста за бесплатен превоз се однесува на постарите граѓани, поточно за мажи со наполнети 64 и жени со наполнети 62 години.

Автобуската линија со број 3 е продолжена до новото автобуско стојалиште кај поранешниот хотел „Панорама“, на Водно. Со продолжувањето на автобуската линијата број 3 се излегува во пресрет на 15 000 граѓани коишто живеат во овој дел на Скопје.



Петстотини илјади граѓани досега се искачиле до Милениумскиот крст на Водно со новата жичница. Трасата на оваа, нова, градска атракција е долга 1 750 метри и се искачува од 570 метри надморска височина на Средно Водно до 1 068 метри надморска височина на Милениумскиот крст. Жичницата располага со 28 кабини за по осум лица и две ВИП кабини за по четири лица. Гондолите од надворешната страна се опремени со држачи за велосипеди.

Жичницата на Водно ја градеше австриската фирма „Допелмаер“, а со неа стопанисува Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“.




Халата на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ во Ѓорче Петров минатиот месец беше реновирана и преадаптирана во современ сервисен центар за автобуси.

- Оваа хала е реновирана во современ сервисен центар со капацитет истовремено да опслужува најмалку 5 единечни или 3 зглобни автобуси, а за да може да се сервисираат и двокатните автобуси е зголемена висината. Во наредните месеци треба да се реновира и втората хала којашто ќе биде опремена со современа перална, а за реализација на овој проект Градот Скопје од Буџетот одвои 15 милиони денари - изјави градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на сервисниот центар.

Ова е прва инвестиција во халите на ЈСП од 1995 година.



Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ склучи договор за јавно-приватно партнерство со грчката компанија „Ремеди адвертајзинг“ за изработка на 275 автобуски стојалишта по трасата на автобусите од јавниот градски превоз. Според договорот, треба да се изработат:

- 65 автобуски стојалишта со стреа, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, светилки, информативни табли и табла со број на автобусите што застануваат на станицата;

- 117 автобуски стојалишта со стреа, корпа за отпадоци, рекламно пано, светилки, информативни табли и табла со број на автобусите што стојат на станицата;

- 93 автобуски стојалишта (двојни) со стреа, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, светилки, информативни табли и табла со број на автобусите што стојат на станицата.

Фирмата „Ремеди адвертајзинг“, според договорот, треба да изработи и 80 електронски информациони дисплеи, а ќе ги издава под закуп само рекламните површини на автобуските постојки.

# БРИГАДА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА




Возниот парк на Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје минатата година се збогати со три нови противпожарни возила за гаснење пожари во урбана средина. Едното противпожарно возило е набавено од Градот Скопје, а две противпожарни возила се донација од Владата на Република Македонија.

- За оваа професија се потребни пожртвувани луѓе коишто го ризикуваат својот живот за да спасат други животи што се во опасност. Ја користам оваа можност во името на граѓаните на Скопје и во мое лично име да ви упатам благодарност. Поддршката од Градот Скопје на Противпожарната бригада е огромна и таа ќе продолжи и натаму. Во таа насока, возниот парк на Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје од денеска е збогатен со три нови противпожарни возила за гаснење пожари во урбана средина. Едното возило е набавено од Град Скопје, а две противпожарни возила се донација од Владата на Република Македонија. Градот Скопје за набавка на противпожарното возило од буџетот издвои околу 13 600 000 денари. Трите нови возила за гаснење пожари во урбана средина значително ќе ги подобрат капацитетите на Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје – рече градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на возилата.





Во текот на 2010 година, Градот Скопје за противпожарната бригада набави нова специјална опрема и тоа: два спасувачки чамци со мотор, термокамера, две теренски возила, заштитни противпожарни поткапи и ракавици според европските стандарди и летни униформи за пожарникарите.

Во текот на 2010 година реновиран е дел од санитарните јазли во станицата во Автокоманда, реновиран е дел од противпожарниот потцентар „Тафталиџе", набавена е канцелариска опрема, мебел и постелнина за подобрување на условите во сместувачките капацитети, како и информатичка опрема за потребите на Бригадата.

Градот Скопје во 2010 година вложи околу 20 милиони денари за набавка на новата опрема за Противпожарната бригада на Град Скопје.

Противпожарната бригада на Град Скопје во 2010 година доби 3 нови противпожарни возила донирани од Владата на Република Македонија.



Во изминативе три години, на различни локации низ градот, се поставени 40 надземни хидранти за потребите на противпожарната бригада. Хидранти се поставени пред ОУ „Кочо Рацин“, на булеварот Илинден наспроти ДКЦ „Карпош“, на булеварот Крсте Мисирков кај Ректоратот, на улицата Џон Кенеди наспроти поштата, во населбата Пржино до градинката, на улицата Февруарски поход наспроти бензинската пумпа, на улицата Никола Тесла број 8, на улицата Ѓорче Петров број 33, на улицата Коце Металец, на улицата Ферид Бајрам и на други локации низ градот.





Противпожарната бригада на Градот Скопје во 2009 година доби донација од користена противпожарна опрема од збратимениот град Нирнберг, СР Германија. Станува збор за 120 апарати за дишење Дрегер РА 80 на нормален притисок, 100 маски за дишење тип AUER3S, 30 апарати за дишење Дрегер РА 94, 450 челични боци за притисок од 300 бари, 80 композитни боци од 6,9 литри на 300 бари, 4 колички за транспорт на истите, 1 сет за преиспитување на квалитетот на воздухот, 300 апарати за предупредување дека постои опасност од смрт и резервни делови за дишните апарати со специјален алат и книга со упатство.

Износот на донацијата од Градот Нирнберг е во висина од околу 300 000 евра.



# ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“



Јавното претпријатие „Паркови и зеленило“ на крајот на минатата година се поднови со три повеќенаменски машини, рајдери за косење трева, на коишто може да се монтира мулчер, додаток што се користи за косење груба трева низ којашто има грмушки или дрвенеста трева. Станува збор за многу моќни машини, односно со една машина за еден ден може да се искоси првиот дел на Градскиот парк.

Набавен е и камион со платформа со дигалка за сечење и кастрење дрвја на висина до 13,5 метри и камион со механизам за товарење и истоварање.

Градот Скопје за набавка на новата опрема за ЈП „Паркови и зеленило“, којашто е наменета за подобрување на работата на ова јавно претпријатие во делот на одржување на тревниците и на дрвјата во парковите и во дрворедите, од Буџетот издвои 7,5 милиони денари.







Градот Скопје за потребите на ЈП „Паркови и зеленило“ минатата година набави 2 трактора со приколка и приклучни машини за косење трева; 10 самоходни тракторски тревокосачки со корпа; 10 рачни моторни тревокосачки со корпа и 14 тримери со што се подобри ефективноста и квалитетот на работата на ова јавно претпријатие.

За набавка на новата опрема Градот Скопје од буџетот издвои 3,5 милиони денари.







Градот Скопје во 2010 година набави две возила за ЈП „Паркови и зеленило“. Станува збор за еден кипер и едно возило-цистерна коешто се користи за полевање на зелените површини и на дрворедите во чијашто близина нема хидранти за наводнување, како и за миење на патеките во Градскиот парк. По потреба, ова возило може да се користи и за гаснење евентуални пожари во парк-шумата „Водно“.

За набавка на двете возила Градот Скопје издвои 5,8 милиони денари.

Претходно, Градот Скопје за ЈП „Паркови и зеленило“ набави и ровокопач и едно возило со платформа за поткастрување високи гранки.



## КОМПОСТИРАЊЕ НА ОРГАНСКИОТ ОТПАД

Собраните паднати лисја од јавните зелени површини се транспортираат до компостарата во дворот на ЈП „Паркови и зеленило“ каде што се складираат за производство на органско ѓубриво – компост.

Произведеното ѓубриво веќе се користи во производството на цветен расад.

# ВО ПАРК-ШУМАТА „ВОДНО“

Двата видиковци на Водно се комплетно реновирани, а просторот е опремен со клупи и корпи за отпадоци. Наместена е и нова ограда.





Двата видиковци ги осветлуваат нови светилки на соларна енергија. Поставени се вкупно 24 светилки, и тоа 11 на Видиковец 1 и 13 светилки на Видиковец 2. Осветлувањето со светилки на соларна енергија овозможува да нема трошоци за електрична енергија. Со овој проект, Градот Скопје, ја потврдува својата заложба за енергетска ефикасност и зачувување на животната средина.

За новото осветлување на видиковците на Водно Градот Скопје потроши околу 2 милиона денари.



На горниот видиковец во 2010 година беше поставен двоглед за панорамско разгледување на градот.



Само минатата година на неколку локации во парк-шумата „Водно“ беа изградени 2 композиции со видиковци составени од по три елементи под Милениумскиот крст, едно детско игралиште, 4 дрвени куќарки, 4 единечни видиковци, 18 комплети маси со клупи и 55 корпи за отпадоци.

Во рамките на редовните активности на Градот Скопје за одржување на зеленилото во парк шумата „Водно“ во последниве три години се пошумени 29 хектари со зимзелени и листопадни садници.





## ОБНОВЕН ПАТОТ ДО МАНАСТИРОТ „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН“

Кон крајот на 2009 година беше обновен патот од Средно Водно до манастирот „Свети Пантелејмон“. Оштетените делови од патот беа изгребани и асфалтирани, а беа поставени и армирано-бетонски цевки за одвод на атмосферската вода.

Реконструкцијата на патот Средно Водно – манастир „Свети Пантелејмон“ го чинеше Градот Скопје околу четири милиони денари.



# ВО ПАРК-ШУМАТА „ГАЗИ БАБА“



За да ја зголемат безбедноста на минувачите екипи на Град Скопје минатото лето поставија нови светилки на пешачката патека во парк-шумата „Гази Баба“ во должина од 680 метри. Поставени се 29 нови декоративни столбови за јавно осветлување со висина од 4,5 метри и светилки од 150 W.

Градот Скопје изгради пешачка патека долга 720 метри и широка 1,90 метри по должината на границата на парк-шумата „Гази Баба“, од паркингот кај Здравствениот дом „Железара“ до детското игралиште. Оваа патека го носи името „Патека на пријателство со природата“.

Патеката е асфалтирана. За нејзината изградба Градот Скопје потроши околу милион денари. Во парк-шумата „Гази Баба“ е уредена и трим-патека долга 3 километри.

Пет рекреативни елементи беа изградени во парк-шумата „Гази баба“ во 2009 година. Наместени беа и седум комплети маси со клупи, како и 15 корпи за отпадоци.

Во парк-шумата „Гази Баба“ во 2010 година Градот Скопје постави 3 видиковци, планинарска куќичка, 11 комплети маси со клупи и три информативни табли на влезовите во карактеристичниот пејзаж.




Во парк-шумата „Гази Баба“ минатата година се наместени 7 комплети маси со клупи и 46 корпи за отпадоци, а реконструирана е и постојната урбана опрема.

Во рамките на редовните активности за одржување на зеленилото екипи на Градот Скопје во парк-шумата „Гази Баба“ пошумија 1,5 хектари со листопадни дрвја.



# ВО КАЊОНОТ МАТКА



## ПОРИБЕНИ ВОДИТЕ НА ЕЗЕРОТО МАТКА

Градот Скопје директно влијае врз заштитата и реинтродукцијата на македонската ендемична пастрмка во водите на Македонија. Во таа насока се спроведоа неколку акции за порибување на водите на езерото Матка и на реката Вардар со ендемична пастрмка Salmo macedonikus.

Пешачката патека во кањонот Матка, од црквата „Свети Андреа“ до месноста Висок Рид е обновена во должина од 4 000 метри. По должината на патеката е монтирана заштитна ограда со вкупна должина од 600 метри, изработена од челични профили. Реконструирана е и самата патека со камен, а на неколку места се направени проширувања за клупи и за корпи за отпадоци.

За целосна реконструкција на оваа пешачка патека и на безбедносната ограда Градот Скопје од Буџетот издвои околу 4 милиони денари.





## СПЕЛЕОНУРКАЧКА ЕКСПЕДИЦИЈА ВО ПЕШТЕРАТА ВРЕЛО

Европската спелеонуркачка експедиција „Врело 2010“ предводена од италијанецот Луиџи Касати, успеа да стигне до длабочина од 212 метри во пештерата Врело на Матка. Оваа достигната длабочина претставува втор рекорд по длабочина во Европа, а прв на Балканот.

Градот Скопје како главен покровител на експедицијата, го поддржа овој проект со милион денари.



## ОСВЕТЛЕНА ТРАСАТА ОД СЕЛО ГЛУМОВО ДО ХИДРОЦЕНТРАЛАТА „МАТКА“

За поголема прегледност на патот и за зголемување на безбедноста во сообраќајот, минатиот месец трасата од село Глумово до влезот на хидроцентралата „Матка“ беше целосно осветлена.

- Трасата на којашто е изградено уличното осветлување е со должина од околу 2 километра и на неа се поставени 64 столбови со висина од 8 метри, а на секој столб светилка од 150 W. Осветлувањето коешто го направивме на овој потег ќе придонесе за поголема прегледност на патот, со што ќе се зголеми безбедноста на жителите на овие две села, на сопствениците на викенд куќите во околината на Матка, како и на туристите коишто во вечерните часови го посетуваат Кањонот Матка - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новото осветлување.

Изведувач на работите на терен беше фирмата „ЕЛТРА“ од Скопје, а вкупната вредност на изведените работи изнесува околу 5 милиони денари.

# СОВРЕМЕН ИЗГЛЕД ЗА ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА






Во 2010, 2011 и 2012 година во рамките на реконструкцијата на Зоолошката градина се изградени и пуштени во употреба 40-тина живеалишта за животните, меѓу кои и за лавови, ракуни, крокодили, леопарди, рисови, кенгури, ему, црн лебед, папагали, грабливи птици – волиери, аксис антилопи, срни, гибони, егзотични птици, Ара папагали, снежни и шумски буфови, терариум за рептили со живеалиште за меркати и живеалиште за мајмуни.

Во Зоолошката градина се изградени и Едукативен центар, тоалет со платформа – видиковец, игротека за деца, пет летниковци, заштитни огради за посетителите, информативни едукативни табли за животните, езерце со фонтана и мост, уреден е влезот во Зоолошката, а поставена е и заштитна едукативна ограда - пано со животни.









Реновирани се живеалиштата на мечките, биволите, зебу говедата и јаковите, ламите, елените лопатари, овците и козите, ноевите, пони коњите и на благородните елени.

Во завршна фаза е изградбата на новите живеалишта за слон и за жирафа. Новите живеалишта се градат на површина од околу 4 000 квадратни метри, а самите објекти се простираат на околу 400 квадрати.

Проектот ќе чини околу 15 милиони денари, пари што ќе бидат целосно обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

Во тек е изградбата и на Ботаничката градина.



Во скопската Зоолошка градина живеат 490 животни, од 93 вида.



# НОВ ЛИК НА ГРАДСКИОТ ПАРК






Градот Скопје за потребите на граѓаните коишто чуваат домашни миленичиња во вториот дел од Градскиот парк изгради Парк за миленичиња, на површина од околу 1 200 квадратни метри, којшто е опремен со различни содржини и реквизити за забава на миленичињата.

- Во внатрешноста на паркот има чешма од којашто миленичињата можат да пијат вода, поставени се клупи и три специјализирани канти со ролна со големи и мали кеси за собирање на изметот од кучињата. Со реализацијата на овој проект Градот Скопје ги задоволи барањата на граѓаните коишто чуваат миленици, но и барањата на граѓаните коишто ги шетаат своите деца во Градскиот парк, бидејќи сметаме дека со изградбата на овој парк ќе се подобри општата хигиена на зелените површини во Паркот. Имено, доколку некој од сопствениците на миленичиња го шета кучето на зелените површини во Паркот, или по патеките без маска, без поводник и не носи кеса за измет, комуналните редари ќе интервенираат и ќе го казнат - изјави градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на Паркот за миленици.

Паркот за миленици е заграден со жичена ограда висока 1,5 метри, поставена на метални профили и има два влеза.

На изградбата на Паркот за миленици работеа екипи на јавните претпријатија „Паркови и зеленило", „Улици и патишта" и „Водовод и канализација", а во проектот се вложени околу 460 000 денари.

Овој пилот проект Градот Скопје го реализира во соработка со невладините организации и здруженија за заштита на животни.





Езерцето во Градскиот парк доби нов лик. Бетонирано е дното и косините на езерото со површина од околу 3 000 квадратни метри, со што се спречи одлевањето и се подобри квалитетот на водата.

За реализација на овој проект Градот од буџетот издвои 3,8 милиони денари.

Во првиот дел од Градскиот парк екипи на Градот Скопје минатата година изградија четири нови стилизирани чешми за вода. Првата чешма е со седумаголна форма со седум чешмички од месинг, втората е поставена кај Школката и тече со водопад, на една чешма е поставен грбот на Град Скопје, а чешмата изградена кај тениските терени е обработена со елементи од ковано железо.

Во овој проект Градот Скопје вложи околу 1,2 милиони денари.







Градот Скопје во првиот дел на Градскиот парк постави шест просторни едукативни инсталации поместени во две тематски групи, „Човекот и неговиот простор" на Ристо Аврамовски и „Во светот на детските фанатазии" на Ивана Топаловска. Секоја едукативна инсталација сместена во новите две детски катчиња е изработена според тематика од детските бајки.

Во првата група „Во светот на детските фантазии" поставени се трите инсталации „Алиса во земјата на чудата", „Волшебникот од Оз" и „Пинокио", а во втората група насловена како „Човекот и неговиот простор" просторни инсталации се „Неси", „Тотем" и „Ксилофон".

Договорот за изработка и монтажа на просторни едукативни инсталации во Градскиот парк во Скопје е потпишан меѓу Град Скопје и „АРХИТЕКТРИ" Д.О.О. – Скопје.



За најмладите, во првиот дел од Градскиот парк, екипи на Градот Скопје изградија две детски катчиња на површина од 200 квадратни метри. Катчињата се со интензивни бои и со богати и интересни содржини, наменети се за деца до 12 години.

Градот за изградба на детските игралишта потроши 350 000 денари.

Како дел од пролетните активности за уредување на парковската опрема и елементи екипи на ЈП „Паркови и зеленило" изминативе денови бојадисаа околу 100 клупи во првиот и во вториот дел од Градскиот парк, а на околу 100 клупи ги заменија старите штафни со нови. Дел од клупите се бојадисани во црвена и црна боја, а дел во црвена и зелена боја.

Бојадисани се тоалетите во првиот и во вториот дел на Градскиот парк. Со нова боја се освежени и детските содржини и инсталации во Градскиот парк, како и реквизитите за рекреација на деца на самиот влез од „Луна паркот".

# ГОЛЕМА АКЦИЈА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛОТО



Во последниве три години екипи на Градот Скопје на јавните површини засадија 42 000 дрвца коишто придонесоа за зазеленување на Скопје и за подобрување на условите во животната средина. Изградени се и хортикултурно уредени парковски површини и средишни жардиниери на градските улици, а поставена е и хидрантска мрежа.



Градот Скопје минатата есен спроведе акција за обнова на дрворедите по должината на булеварите и во новоподигнатите парковски површини. Во акцијата беа засадени 2 100 листопадни и зимзелени садници, од 17 вида.

Во првата фаза од оваа активност беа обновени дрворедите на булеварите Свети Климент Охридски, Митрополит Теодосиј Гологанов, Видое Смилевски Бато, Партизански одреди и на 8 Септември. Јапонски цреши се засадени кај паркингот на Зоолошката градина.

Градот Скопје за реализација на есенското садење 2 100 садници издвои околу 6 милиони денари. Оваа активност ќе продолжи и годинава.

## УРЕДЕНИ ЖАРДИНИЕРИТЕ

Екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ минатата година хортикултурно ги уредија трите жардиниерите на булеварот Видое Смилевски - Бато.

Ново зеленило е засадено и во средишната жардиниера на булеварот Партизански одреди, на потегот од мостот „Обединети нации“ до раскрсницата кај Порта Влае.

Во 2010 година со зеленило беше уредена жардиниерата на булеварот Јане Сандански, на потегот од трговскиот центар „Бисер“ до крстосницата со булеварот Србија. Жардиниерата е долга еден километар.



Во четири акции за доделување садници на сите заинтересирани граѓани (куќни совети), урбани и месни заедници, здравствени, културни, образовни и јавни установи во изминативе две години Градот Скопје додели 10 000 садници.



## ЦВЕТНИОТ ПАЗАР НА НОВА ЛОКАЦИЈА

Цветниот пазар се пресели на нова локација, спроти Домот на печатот. На површина од 242 квадратни метри се изградени 16 цвеќарници наредени во два реда. Екипите на Градот Скопје ја изградија платформата на којашто се поставени дуќаните. Изградбата на куќарките е финансирана од закупците, а вложените средства ќе им бидат одбиени од закупнината што треба да ја платат за наем на просторот што го користат.

## „ДЕН НА ДРВОТО“

Градот Скопје активно се вклучува во акцијата „Ден на дрвото“ и организира активности за пошумување во парк-шумите „Водно“ и „Гази Баба“, како и на повеќе локалитети околу Скопје. Во последната акција „Ден на дрвото – есен 2011“ претставниците на Градот Скопје, во рамките на парк-шумата „Водно“, на четири локации засадија 10 000 дрвца и тоа, 3 000 чемпреси и 7 000 борови.



## КОНКУРС ЗА НАЈГОЛЕМ ПРИДОНЕС ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Градот Скопје на 5 јуни – Денот на животната средина ги избира најдобрите во традиционалниот градски конкурс за избор на најеколошка компанија, најголем придонес во областа на заштитата на животната средина, најубаво уреден двор, за најубав состав и најубав цртеж на тема екологија, што се организира во рамките на традиционалната манифестација „Денови на пролетта-Денови на екологијата“. Конкурсот има за цел да ја промовира и популаризира грижата за животната средина во Скопје, како единствен предуслов за здрав живот.

## ИНФОЦЕНТАР ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Во просториите на Град Скопје се отвори Канцеларија за управување со енергијата и Инфоцентар за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

Во Канцеларијата граѓаните на Скопје може да добијат применливи информации како да ја намалат потрошувачката на енергија во своите домови.





## ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ

Минатата година Градот Скопје влезе во големото семејство европски градови коишто секоја година ја организираат најраширената кампања за одржлива мобилност – Европската недела на мобилност во којашто членуваат и се активни неколку илјади градови од Европа со над 220 милиони жители.

Во градот се одржаа повеќе активности за промоција на алтернативната мобилност и подигање на еколошката свест.

## ВТОР ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН (ЛЕАП 2)

Градот Скопје го промовира вториот Локален еколошки план за Скопје (ЛЕАП 2), стратешки документ којшто ги утврдува промените во животната средина во градот во последните 5 години и предлага мерки и активности за заштита и унапредување на средината. Изработката на ЛЕАП 2 произлегува од потребата на граѓаните за чиста и здрава животна средина, но и како обврска на Градот Скопје во согласност со Законот за животна средина.

Документот опфаќа пет тематски области: отпад, вода, воздух, почва и природа, ги констатира промените во средината и ја поттикнува локалната заедница да преземе конкретни чекори за зачувување и унапредување на животната средина. ЛЕАП 2 го изработија стручните лица од „Евромак контрол“, во соработка со Градот Скопје.

Градот Скопје спроведе едногодишен истражувачки мониторинг на површинските и на подземните води во Скопската котлина, водите што го хранат изворот Рашче и водите што го хранат бунарското подрачје Нерези – Лепенец. На сите релевантни водотеци се поставени мерни места и се изградени пиезометри за следење на подземните води. За овој обемен проект Градот Скопје издвои околу 12,2 милиони денари. Мониторингот на водите го продолжува ЈП „Водовод и канализација“.

Спроведено е истражување на почвите во Скопската котлина од аспект на загадувањето со тешки метали.



## ДИСПЛЕЈ ЗА МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Од минатата пролет квалитетот на воздухот во центарот на градот го мери специјален дисплеј поставен на улицата Македонија, пред Домот на АРМ. Дисплејот ги прикажува моменталните измерени вредности на загадувачките материи во воздухот на сликовит начин и дава препораки за здравјето на граѓаните.

Дисплејот го мери количеството на јаглеродмоноксид, сулфурдиоксид, азотни оксиди и партикуларни честички помали од 10 микрометри, а се мерат и прикажуваат и метеоролошките параметри - температура на воздухот, брзина и правец на ветерот и влажност на воздухот.





# АКЦИЈА ЗА ЧИСТО И ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ

Акцијата за чистење на јавните површини во десетте скопски општини под мотото „Заедно за чисто и зелено Скопје“ стана традиција. Активностите се спроведуваат двапати годишно.

Во чистењето на дивите депонии, косењето на тревниците, уредувањето на зеленилото, проверките на канализациската мрежа, чистењето на сливниците и во санирањето на ударните дупки на улиците се вклучуваат јавните претпријатија „Паркови и зеленило“, „Комунална хигиена“, „Водовод и канализација“ и „Улици и патишта“.



## ДЕТСКИ КОРПИ ЗА СЕЛЕКТИРАН ОТПАД

Градинките „Ташко Караџа“ во општината Бутел, „Кочо Рацин“ во општината Центар, „Орце Николов“ во општината Карпош, „8-ми Март“ во општината Кисела Вода, „Срничка“ во општината Аеродром, „Детска радост“ во општината Гази Баба, „Фидани“ во општината Чаир, „Снежана“ во општината Шуто Оризари, „Росица“ во општината Ѓорче Петров и училиштето „Дурија“ во општината Сарај добија по еден комплет корпи за селектиран отпад. Новите корпи што ги набави Градот Скопје, се во форма на животни – мече, делфин и жаба и во нив може да се одлага хартија, пластика и лименки. Шест комплети со по три корпи се поставени и во Зоолошката градина.

Корпите се направени од еколошки материјали и од еколошки бои. Децата низ игра и забава имаат можност да научат правилно да се однесуваат со отпадот, да селектираат и да ја чуваат животната средина.

За набавка на овие корпи Градот Скопје одвои околу 1,8 милиони денари.

## ЧИСТЕЊЕ НА КОРИТАТА НА КАНАЛИТЕ И НА КОСИНИТЕ НА ВАРДАР

Косите површини на кејот на реката Вардар редовно се чистат од израснатата дива вегетација и од отпадоци.

Од фрлените отпадоци и дивоизраснатото зеленило се чистат и коритото на реката Лепенец, Усјанскиот канал и каналите во Пржино и во Козле.

Отворениот Водњански канал во 2010 година беше покриен, а за подобрување на функционалноста беше покриен и водоснабдителниот канал за езерцата во Градскиот парк.



# ГРАДСКИТЕ ПЛАЖИ ГО ЗАЖИВЕАЈА КЕЈОТ




Градската плажа „Парк“, на кејот на реката Вардар, во 2010 година на граѓаните на Скопје им овозможи да се разладат и релаксираат во топлите летни денови. Проектот „Од жешкиот асфалт – директно на плажа, на чекор од тебе“ на посетителите им понуди морски песок, лежалки, шанкови за пијалаци, тушеви, детски реквизити и добра музичка забава.









Во мај минатата година Скопје ја доби и втората градска плажа. Плажата „Камен мост“ е сместена на левата страна од кејот на реката Вардар, меѓу мостот „Гоце Делчев“ и Камениот мост. На плажата се поставени стреи и дрвени платформи, 20 маси, 80 столови и 80 лежалки. Подлогата на плажата е од ситен песок. Има и четири шанкови, детско катче со лулашки, бина за одржување манифестации, тушеви, соблекувални, чешми за вода, паркинг-места за велосипеди и корпи за отпадоци.

Во изградбата на плажата Градот Скопје вложи околу 9 милиони денари, а на терен работеа екипите на градежната фирма „Алкон проект“.

## ПРОДОЛЖЕНА РОЛЕРСКАТА ПАТЕКА ПО КЕЈОТ

Ролерско-велосипедската патека којашто во 2010 година беше изградена од центарот на градот до фабриката „Комуна“ во текот на минатата година беше продолжена до мостот „Близнак“. Оваа делница од патеката е долга 2 338 метри, широка 4 метри и е покриена со асфалт.

На изградба на овој дел од ролерско-велосипедската патека на кејот работеа екипите на фабриката „Карпош“ и на ЈП „Улици и патишта“. Градот Скопје за овој градежен зафат потроши околу 7 милиони денари.





По кејот на реката Вардар, од левата страна, екипите на Градот Скопје годинава изградија уште една делница од ролерско-велосипедската патека, на потегот од булеварот Гоце Делчев до булеварот 8.Септември. Новата патека е долга 3 000 метри, асфалтирана е и обележана.

Како дел од градежните работи на новата ролерско-велосипедска патека, по нејзината должина е изграден потпорен ѕид на делот каде што не е регулирано коритото на Вардар. Ѕидот е долг 80 метри, со променлива височина од 0 до 4 метри во зависност од конфигурацијата на теренот.

На изградба на новата патека работеа екипите на градежната компанија „Жикол“ ДООЕЛ Струмица. За реализација на овој проект Градот Скопје издвои околу 16,5 милиони денари. По должината на патеката е поставено и ново улично осветлување.

## ОСТАВИ ГО АВТОМОБИЛОТ, ВОЗИ ВЕЛОСИПЕД

Граѓаните на Скопје од 1 април можат да изнајмуваат велосипеди за 10 денари за час на четири постојни локации во градот, односно на јавното паркиралиште „Треска“, јавното паркиралиште на плоштадот „Македонија“, јавното паркиралиште „Илинден“ и во населбата Аеродром, кај Трговскиот центар „Бисер“. По барање на корисниците, во тек се подготовките за отворање пункт за изнајмување велосипеди и кај Зоолошката градина.

И во текот на оваа сезона граѓаните ќе можат велосипедот којшто е изнајмен од една постојка, да го вратат на друга. На пример, доколку корисникот изнајми велосипед од станицата во Аеродром истиот, може да го врати на плоштадот „Македонија“ или, пак, на постојката кај јавното паркиралиште „Треска“. Од оваа година на граѓаните на располагање им се и 75 нови велосипеди.

Велосипедите може да се изнајмуваат од 7 до 21 часот, а враќањето на велосипедите е најдоцна до 23 часот, секој ден, вклучувајки ја и неделата.

Проектот за изнајмување велосипед се спроведува под мотото „Остави го автомобилот, вози велосипед“, трета година по ред.

Во функција на промоцијата на велосипедот како транспортно и рекреативно средство Градот Скопје во изминатиов период реализира голем број активности: со црвена боја се обележани поголем број велосипедски патеки, воспоставена е велосипедска врска по кејот на реката Вардар, обновена е и поставена нова, дополнителна хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и се поставени држачи за велосипеди. Градот Скопје апелира до граѓаните совесно да се однесуваат со изнајмените велосипеди.






# МЕЃУНАРОДЕН СКОПСКИ МАРАТОН




На градските улици и годинава ќе се одржат трите трки од меѓународниот Скопски маратон 2012. Покровители на оваа традиционална спортска манифестација се Градот Скопје, Агенцијата за млади и спорт и Мисијата на ЕУ во Скопје, технички организатори се Сојузот на спортови на Скопје и АК „Работнички", а коорганизатор е Атлетската Федерација на Македонија. Покрај финансиската, Град Скопје преку своите јавни претпријатија нуди и логистичка помош, а помагатели на Скопскиот маратон се и Министерството за внатрешни работи, Црвен крст на Град Скопје, Факултетот за физичка култура и АРМ.

Скопски маратон е член на АИМС (Асоцијација на Маратони и Улични Трки) со Лиценциран сертификат за патека. Во рамките на Скопски маратон ќе се одржи Државно првенство во организација на АФМ.

Скопскиот маратон годинава ќе се одржи по шести пат.

## ДВЕ НОЌНИ ТРКИ ПО ПОВОД 13 НОЕМВРИ

По повод 13 Ноември – Денот на ослободувањето на Скопје на градските улици се одржуваат две традиционални ноќни трки, Ноќна атлетска и Ноќна велосипедска трка „Низ улиците на Скопје".

Организатор на Ноќната атлетска трка е Атлетската федерација на Македонија, а на Ноќната велосипедска трка, Велосипедската федерација на Македонија. Покровител на трките е Градот Скопје.





## БОКСЕРСКИ ТУРНИР „ЗЛАТЕН ГОНГ"

Меѓународниот традиционален боксерски турнир „Златен Гонг" минатата година се одржа по 41. пат. Силите ги одмерија боксери од 15 земји од светот меѓу кои: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Белорусија, Италија, Романија, Чешка, Србија, Словенија, Хрватска, Русија, Молдавија, Тунис, Шпанија и од Македонија.





## ОДБОЈКАРСКИ ИГРАЛИШТА НА ПЛАЖИТЕ

Во рамките на Градските плажи Градот Скопје изгради Одбојкарски игралишта со должина од по 24 и широчина од по 14,5 метри. Игралиштата имаат подлога од песок со длабочина од 40 сантиметри, заградени се со ограда висока 6 метри и се осветлени со рефлектори.

На игралиштето на плажата „Парк" минатото лето се одржа и Меѓународниот турнир во одбојка на песок „Скопје 2011". Турнирот беше во организација на Градот Скопје и на Одбојкарската федерација на Република Македонија.

## СПОРТСКИ РЕКВИЗИТИ НА КЕЈОТ

Градот Скопје на неколку локации по должината на кејот на Вардар постави спортски реквизити за вежбање и рекреација. Вакви пунктови има кај Градската плажа, кај мостот „Близнак" во населбата Аеродром и кај хотелот „Александар Палас".





## „ИКАС 2012"

Словенецот Брус Симон е победник на 44.издание на Меѓународниот Илинденски Кајак Слалом - ИКАС 2012 што на 31 март и на 1 април се возеше на патеката на реката Треска во СРЦ „Матка". Тој во дисциплината К-1 постигна резултат 104.63.

Кај жените во истата дисциплина победи Катерина Лукичева од Казахстан, која беше најдобра и во дисциплината Ц-1. Кај мажите во Ц-1 најдобар резултат имаше Блаж Зупан од Словенија.

Во годинешново издание на ИКАС учествуваа 56 натпреварувачи.

## 10 НБЦ ЕВРОПСКИ КЛУБСКИ КУП ВО КУГЛАЊЕ 2011

Во Спортскиот центар „Борис Трајковски" во октомври 2011 година се одржа 10. јубилеен НБЦ Европски клубски куп во куглање 2011 година. Во турнирот учествуваа околу 500 натпреварувачи од 31 клуб, од речиси сите европски држави. Покровител на оваа спортска манифестација беше Градот Скопје, а организатор Кугларската федерација на Македонија.

# ДОНИРАНИ ДВА АПАРАТИ ЗА ХЕМОДИЈАЛИЗА

За потребите на Одделението за нефрологија при Градската општа болница „8. Септември“ и на Јавната здравствена установа „Железара“ Градот Скопје и општината Центар на почетокот на годинава донираа 2 апарати за хемодијализа за бубрежно болните пациенти. Со одлука на Советот на Град Скопје и на општината Центар беа обезбедени 1 000 000, односно 200 000 денари.

Здружението „Нефрон“ ја спроведе набавката на апарати за хемодијализа, а во комисијата за набавка и распределба на апаратите активно учествуваа претставници од Град Скопје, општината Центар, Фондот за здравство, поликлиниката „Железара“, поликлиниката „Чаир“ и Центарот за дијализа Дијамед. Обезбедени се 2 апарати по цена од 1 180 000 денари, коишто целосно ги задоволуваат стандардите и функционалните технички карактеристики.





## ЛИФТОВСКА ПЛАТФОРМА ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Во СУГС „Михајло Пупин“ во 2010 година беше поставена лифтовска платформа, прва и единствена од ваков вид во Македонија којашто е наменета исклучиво за лица коишто се движат со помош на количка. Станува збор за супер модерна платформа, решена комплетно панорамски, со автоматско отворање на вратите и опремена со интерфонска врска. Со платформата се обезбедува пристапност до сите катови на училиштето.

Управувањето на платформата е со копчиња што се приспособени и за користење од слепи лица, а за оваа намена од Буџетот на Град Скопје за 2010 година се издвоени околу 2,5 милиони денари.






## СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

„Скопје – родово еднаков град“ е насловот на Стратегијата за родова еднаквост на Град Скопје што беше промовирана на 8 Март. Стратегијата претставува сеопфатен документ којшто ја изразува политиката на Градот и плановите за остварување на визијата Скопје да прерасне во родово еднаков град.

## 3 ВОЗИЛА ЗА ЛИЦАТА СО ПОТЕШКА ИНВАЛИДНОСТ

Градот Скопје во употреба пушти 3 специјално адаптирани возила за потребите на лицата со потешка инвалидност. Трите возила се опремени со специјално автоматски управувана рампа за подигнување на инвалидска количка и друга опрема што ја обезбедува безбедноста на корисниците.

Инвестицијата на Градот Скопје изнесува околу шест милиони денари.



## ПРОШИРЕН ПУНКТОТ ЗА БЕЗДОМНИЦИ

Пуштен е во употреба новиот дел во пунктот за бездомници на Црвениот крст на град Скопје во Момин Поток. За реализација на овој проект Градот Скопје издвои 1,4 милиони денари, а со отворањето на прифатилиштето, капацитетите на пунктот се зголемија за 60 квадратни метри. Новиот простор е опремен со кревети, тоалети, чајна кујна и други неопходни средства со што ќе може целосно да одговори на потребите на овие лица.

Пунктот во Момин Поток секојдневно го посетуваат до 20 бездомници, а тој функционира повеќе од две години.





## РЕНОВИРАНО ОДМОРАЛИШТЕТО ВО РЦ „КАТЛАНОВО“

Во 2011 година за реновирање на одморалиштето во РЦ „Катланово“ Градот Скопје од Буџетот одвои 350 000 денари. Процесот на оспособување на просториите за рекреација на пензионерите во РЦ „Катланово“ ќе продолжи и во текот на годинава.

НВО центар Скопје

## НВО - ЦЕНТАР

Градот Скопје отвори НВО-центар во просториите на Младинскиот културен центар. За граѓаните е достапен и НВО порталот www.skopje.gov.mk/nvo

# ОБНОВА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА



Екипи на Градот Скопје во 2011 година ги реконструираа објектите на 12 средни училишта со цел да се подобрат условите за работа на учениците и на вработените. За реконструкцијата Градот Скопје издвои милион евра.

Во училиштата беа реновирани санитарните јазли, ѕидните и подните површини, заменета е столаријата, покривите и електричната инсталација. Со овој проект беа опфатени средните училишта на Град Скопје: „Михајло Пупин", „Владо Тасевски", „Никола Карев", „Здравко Цветковски", „Димитар Влахов", „Браќа Миладиновци", „Арсениј Јовков", „Панче Арсовски", „Зеф Љуш Марку", „Раде Јовчевски–Корчагин", „Георги Димитров" и „Орце Николов".



Во 8 средни училишта на Град Скопје во 2010 година е извршена реконструкција и санација на училишните објекти и на спортските сали. Во училиштата „Здравко Цветковски", „Панче Арсовски", „Арсениј Јовков", „Јосип Броз-Тито" и „Владо Тасевски" е заменета столаријата, а во „8 Септември", „Димитар Влахов" и во „Михајло Пупин" се реконструирани санитарните јазли.

Во средното училиште „Марија Кири–Склодовска" беа опремени специјализирани училници за здравствената струка за образовниот профил лабораториски техничар и медицински лабораториски техничар.



## СРЕДНОШКОЛСКИ ЛИГИ

Се одржуваат Лига натпревари во женска и во машка конкуренција меѓу екипи од средните училишта во Скопје, во неколку спортови во двете конкуренции и тоа во футсал, ракомет, одбојка, кошарка, куглање, пинг-понг, атлетика и одбојка на песок.

## „ГИМНАЗИЈАДА СКОПЈЕ 2010"

Кошарка, одбојка, ракомет, футсал и атлетика беа спортовите во коишто силите си ги одмерија средношколци од 48 екипи од средните училишта од цела Македонија на седмата „ГИМНАЗИЈАДА СКОПЈЕ 2010", којашто се одржуваше од 6 до 8 мај 2010 во Скопје.





## МИНИ АТЛЕТСКИ ТЕРЕНИ

Во дворот на СУГС „Здравко Цветковски“ е изграден мини атлетски терен со атлетска патека за спринтерско трчање на 100 метри, патека за скок во далечина и платформа и терен за фрлање ѓуле.

Теренот го изградија екипи на ЈП „Улици и патишта“, а за овој проект Градот Скопје издвои 1,1 милион денари.



Во средното училиште „Арсениј Јовков“ се изградени мини-атлетски терени за спринт на 60 метри, троскок, скок во далечина и фрлање ѓуле.

Секое средно училиште на Град Скопје минатата година доби по 33 кожени брендирани топки за практицирање и омасовување на најпопуларните спортови: кошарка, одбојка, фудбал и ракомет.




## КВАДРИЛ ЗА КРАЈ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

На крајот на учебната година на плоштадот „Пела“ и на улицата 11 Октомври матуранти од скопските средни училишта ќе го одиграат танцот „квадрил“. Со тоа, матурантите се вклучуваат во меѓународната манифестација „Матурска парада“.

## НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА УЧИЛИШНОТО НАСИЛСТВО

Градот Скопје во септември 2011 го иницираше проектот „Намалување на насилството и унапредување на безбедноста во училиштата - Нулта толеранција за училишното насилство“ во сите 21 средно училиште на Град Скопје. Проектот има за цел да ги обучи училиштата како да развиваат училишни политики, протоколи и програма за превенција, идентификација и справување со насилството. Во тековниот проект се вклучени повеќе од сто наставници и стручни соработници кои работат во тимови и ги проценуваат приоритетите на училиштата, организираат активности во кои се вклучени учениците, родителите, наставниците и локалната заедница, а ја подобруваат училишната клима, соработката и ги поттикнуваат хуманите вредности во училишната заедница.

Проектот завршува во јуни годинава.

# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЦРНА ГОРА, ФИЛИП ВУЈАНОВИЌ - ПОЧЕСЕН ГРАЃАНИН НА СКОПЈЕ



Претседателот на Република Црна Гора, Филип Вујановиќ, на свечена церемонија, што се одржа на 17 март годинава, беше прогласен за почесен граѓанин на Скопје. На Вујановиќ, плакетата „Почесен граѓанин на Скопје" му ја врачи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- Претседателот Вујановиќ е голем пријател и почитувач на Република Македонија и на градот Скопје, современ политичар, голем државник, хуманист и промотор во градењето на соработката меѓу Република Црна Гора и Република Македонија. Голем е неговиот придонес во креирањето на културно-историските врски и долгогодишната плодна културна и стопанска соработка на црногорската и македонската држава. Прогласувањето на Претседателот Вујановиќ за почесен граѓанин на Град Скопје претставува почит не само спрема црногорскиот претседател  туку и признание за мирољубивите стремежи на црногорската држава во градењето на меѓуетничкиот соживот во Република Црна Гора, во којашто се почитуваат и нејзините граѓани Македонци. Убеден сум дека оваа тутула на почесен граѓанин ќе придонесе за уште поинтензивни активности во правец на јакнење на соработката на нашите две земји и секако продлабочување на релациите на нашите два збратимени града, Подгорица и Скопје - истакна градоначалникот Трајановски.

## СКОПЈЕ СЕ ЗБРАТИМИ СО ЗАГРЕБ...

Со потпишување на Повелбата за пријателство и соработка меѓу Град Скопје и Град Загреб, од градоначалниците Коце Трајановски и Милан Бандиќ, Скопје и Загреб станаа збратимени градови. Целта на оваа Повелба е да им се овозможи на граѓаните на двата града остварување на заедничките цели и резултати, како и зајакнување на постојните врски, со посебен акцент на проширување на стопанските и на културните врски; размена на искуства во еколошките програми, особено во заштитата на животната средина; меѓусебното запознавање на културата, историјата и традицијата; соработката меѓу музеите, универзитетите; мултикултурната соработка и јакнењето на врските меѓу националните малцинства; ЕУ проектите; образованието (соработка меѓу средните училишта); урбанизамот и соработката меѓу јавните претпријатија.

Загреб е седумнаесеттиот град со којшто Скопје се збратимува.



## ...И СО БЕЛГРАД

Градот Скопје на 26 март се збратими со Градот Белград. Спогодбата за збратимување меѓу двата града во Белград ја потпишаа градоначалниците Коце Трајановски и Драган Ѓилас. На средбата двајцата градоначалници разговараа за повеќе теми од областа на урбаното живеење, сообраќајот, урбанистичкото планирање, одржувањето на јавната хигиена, развојот на образованието, поддршката на културата и на спортот.

Скопје и Белград со години имаат блиска соработка, а со збратимувањето на двата града се отвора уште поголема можност за размена на искуства и соработка во многу полиња од општественото живеење, особено за решавање на сообраќајните проблеми, урбанистичките прашања и за развој на образованието.






## НАГРАДА „БАЛКАНСКА ПОВЕЛБА НА МИРОТ"

Меѓународната невладина организација „Балкански клуб на миротˮ на 21 јануари годинава на Градот Скопје му ја додели првата „Балканска повелба на миротˮ. Станува збор за прво признание од овој вид, коешто е воспоставено на 6 март 2010 година на средба во Котор, а истата се врачува на Градот Скопје за неговите заслуги и активности за ширењето на идеите на миротт и пријателството, како на Балканот, така и пошироко.

## „БИЕНАЛЕ НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ ОД ЕВРОПА И ОД МЕДИТЕРАНОТ"

Градот Скопје од 3 до 12 септември 2009 година беше домаќин на врвната културна манифестација „Биенале на млади уметници од Европа и од Медитеранотˮ. По Барселона, Солун, Марсеј, Валенсија, Лисабон, Торино, Рим, Сараево, Неапол и Пуња, главниот град на Македонија првпат ја доби можноста да биде домаќин на еден од најголемите културни настани во Европа. Девет дена во Скопје околу 800 уметници, на возраст меѓу 18 и 30 години, твореа во седум уметнички дисциплини – визуелни уметности, применета уметност, перформанси, литература, музика, гастрономија и филмска уметност. Уметниците дојдоа од 48 земји од Балканот, средниот Исток, Медитеранот и од земји-членки на Европската унија.









## САЕМ НА ФРАНКОФОНСКИ ЗЕМЈИ

Градот Скопје со свој штанд учествуваше на САЕМОТ НА ФРАНКОФОНСКИ ЗЕМЈИ кој што се одржа на 31 март годинава во Веро Центарот во Скопје. Саемот се одржа во рамките на одбележувањето на Месецот на Франкофонијата, а организатор на настаните е Францускиот институт во Скопје.

Градот Скопје во изминатите години учествуваше на Саемот како збратимен град на градовите Дижон, Рубе и Варем.

# ПОВТОРНО ОТВОРЕНО КИНОТО „МИЛЕНИУМ“




Киното „Милениум“ на крајот на 2009 година повторно ги отвори вратите за љубителите на филмот. На репертоарот на киното може да се погледнат светски филмски хитови од најновата продукција.

Иницијативата за преземање и повторно отворање на киното „Милениум“ е на градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.






## 3Д ТЕХНОЛОГИЈА ВО ГРАДСКОТО КИНО „МИЛЕНИУМ“

Вљубениците во седмата уметност од минатиот месец во Градското кино „Милениум“ може да уживаат во филмските проекции со најактуелната и најсовремена 3Д опрема. Новата 3Д технологија инсталирана во „Милениум“ беше промовирана со премиерата на документарниот филм „Пина“, работен по сценарио и во режија на култниот Вим Вендерс.

За реализација на проектот за опремување на Градското кино „Милениум“, со најновата софистицирана 3Д технологија, од Буџетот на Град Скопје беа одвоени околу 8 500 000 денари, а билетите за 3Д проекциите чинат 200 денари и можат да се купат на касата на Градското кино „Милениум“, секој ден од 10:30 до 22:30 часот.

## ПОСТАВЕНИ 11 ТЕЗГИ ЗА КНИГИ

На улицата Македонија и на плоштадот „Македонија“ се поставени 11 унифицирани стилски тезги, наменети за продажба на книги и на печатени публикации.



## 17 МОДЕРНИ ТУРИСТИЧКИ ПАНОА

Градот Скопје постави 17 двострани рекламни паноа, со 34 тродимензионални туристички мапи на коишто се прикажани најзначајните места во нашиот град. Мапите се тројазични (на македонски, албански и на англиски јазик) и содржат приказ на регионот со легенди и со информации за важните институции и други обележја значајни за градот Скопје.

Билбордите се поставени на различни локации во централното градско подрачје.

# ПОЈАДОК НА МОСТ



На Камениот мост кон крајот на септември се одржува градската манифестација „Појадок на мост“. На мостот се поставуваат штандови и маси со храна и со пијалаци од повеќе македонски производители, а нивните производи имаат можност да ги вкусат над 2 000 граѓани.

Оваа манифестација досега се одржа двапати.

## ДЕТСКА МАНИФЕСТАЦИЈА „ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ“

Од 23 до 25 септември минатата година скопјани имаа можност да уживаат во народните песни, музиката, танцот и раскошните носии со коишто се претставија децата од Полска, Турција, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина и од Македонија како дел од најмасовниот и најстар детски фестивал во земјава, „Оро без граници“. Фестивалот е во организација на Детскиот културен центар „Карпош“ и во 2011 година го прослави 20-годишниот јубилеј.






## ДЕНОВИ НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО

Во рамките на традиционалната градска манифестација Денови на занаетчиството во Република Македонија на 30 септември 2011 година Занаетчиската комора на Скопје на градоначалникот Коце Трајановски му додели плакета за подобрување на севкупните услови за развој и унапредување на занаетчиството.

Градот Скопје досега реализира повеќе проекти за развој и унапредување на занаетчиството, како што се: Формирање полигон на центри за обука, Центарот за креативни индустрии - Скопје, Град на древните занаети, Град на ракотворците, уметниците и занаетчиите, Звуците на чаршијата, Пролетен и новогодишен базар, Најдобар угостителски објект меѓу најдобрите, Гурмански викенд во Скопје, Фестивал на виното, Интернационална Тортијада, Фестивал на органска храна и Месец на трговијата.



„Виноскоп 2011“


„МОТ 2011“



„Пиволенд  2011“


„Ликовна колонија 2010“


„Баскерфест 2009“


„Бела ноќ“




„Скопско лето 2010“